ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија**
**До: ПЗУ__________________**

13-7249/1

**Дата:23.05.2013**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во изминатиов период од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Македонија бевте информирани за потребната опрема и активности кои е треба да ги превземете за користење на електронските здравствени картички. Согласно одговорите на тие дописи, информармирани сме дека сите приватни здравствени установи се подготвени и опремени за да може кај нив да се користи електронската здравствена картичка. Исто така Министреството за здравство Ви има поделено и доволен број на читачи за електронски здравствени картички.

Со овој допис сакаме да Ве известиме и потсетиме дека е потребно да ги превземете сите потребни технички и организациски мерки и предуслови во Вашата институција со цел да се овозможи непречено користење на електронските здравствени картички.

Имено, од 01.07.2013 за сите осигуреници кои имаат добиено електронска здравствена картичка нема да им се печатат сини картони. Сите оние осигуреници кои имаат добиено електронска здравствена картичка, ќе треба да ги добијат сите потребни здравствени услуги од Вашата здравствена установа како и досега (доколку го имаат платено придонес), со таа разлика што за истите осигуреници проверката за валидноста на здравственото осигурување треба да се направи со користење на електронската здравствена картичка, преку софтверското решение за web портал кое ќе биде пуштено за користење во текот месец јуни 2013 година.
Исто така останува и веќе постоечкиот начин на електронска проверка на статусот на осигурување преку „мое осигурување, мој доктор“.
Ниту еден осигуреник не смее да биде вратен доколку не носи син картон а поседува електронска здравствена картичка.
Потребно е веднаш да пристапите кон обезбедување на потребните услови за користење на електронската здравствена картичка.
Сите дополнителни информации поврзани со начинот на користење на електронската здравствена картичка се објавени и редовно се ажурираат на web страната на Фондот во делот е-здравство.

Со почит,

**ВД Директор,**
Јован Грповски

**Директор,**
Џемали Мехази

Изработил: Александар Јовановски
Контролирал: м-р Гоце Гаврилов